502

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Verlut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 27 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 502/2 | | |

До
**Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Слаѓана Брсакоска за наставниот предмет по БИОЛОГИЈА за VIII (осмо) одделение во основно образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 2.4.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет по Биологија за VIII (осмо) одделение во основно образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на 22.8.2025 година по електронски пат, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 3/2025 и 74/2025, го поднесувам следниот

## ИЗВЕШТАЈ
### за наставниот предмет Биологија за VIII (осмо) одделение во основно образование

На Конкурсот за учебници во основното образование за наставниот предмет по Биологија за VIII (осмо) одделение во основно образование се пријавиле повеќе ракописи.

Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) доставил стручно мислење за 4 ракописи, бр. 26-49/47 од 18.2.2026 година, потпишани од Вјолца Мехмети Нуредини, раководител на одделение во БРО, координатор и д-р Наталија Ацеска, советник во БРО. Тие напишале детални стручни аргументирани мислења за ракописите со шифри бр. 16, 17, 18 и 19.

Мислењата се елаборирани прецизно, детално и темелно за сите четири ракописи. Тие даваат јасна слика на приложениот материјал. Според комисијата од БРО, ракописот со **шифра 17 не ги задоволува** критериумите за учебник, односно не ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет. За овој ракопис според член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/2025 постапката се прекинува. Мислењата за ракописите со **шифра 16, 18 и 19 БРО има позитивно мислење**, без забелешки, со изразени пофалби и со заклучок дека трите ракописи ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет.

Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Ленка Цветановска, Природно-математички факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член, Проф. д-р Мире Спасов, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, и Гордана Насковска, ООУ „Мирче Ацев" – Скопје, член, дава стручно сумарни мислења бр. 26-473/10, 26-473/7 и 26-473/3 од 21.4.2026 година. По разгледувањето на приложените ракописи и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, се задржале на анализа на ракописите 16, 18 и 19.

Рецензентската комисија за ракописите со шифра бр. **16 и 18** мислењето **НЕ Е ПОЗИТИВНО** и за овие ракописи според член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/2025 постапката се прекинува. Образложението на одлуката на членовите на Комисијата е проследено со список од многу суштински забелешки за двата ракописи, од кои некои се доста сериозни.

За ракописот за учебник со **шифра бр. 19** Рецензентската комисија се изјаснила со суперлативи во секој поглед и го оценила ракописот со највисока оцена 4. Тие имаат две забелешки на ракописот.

**Рецензентската комисија едногласно го предлага ракописот со бр. 19 за учебник по предметот Биологија за VIII (осмо) одделение во основно образование.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно од напред изнесеното, земајќи ги во предвид мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет по **Биологија за VIII (осмо) одделение во основно образование** им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА, РАКОПИСИТЕ СО ШИФРИ БР. 16, 17 и 18 ДА НЕ ГИ ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИЦИ, А РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 19 ДА ГО ВРАТИ НА ДОРАБОТКА И ДА ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК ОТКАКО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ КОРЕКЦИЈА НА ЗАБЕЛЕШКИТЕ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА.**

Скопје, 27.4.2026 година

Известител,
Проф. д-р Слаѓана Брсакоска